**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љопче Ефинска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Струмица и Радовиш**
**ул. Васил Сурчев бр.5**
**тел. 034 344-553**

**Образец бр.66**

**И.бр.397/2021**

Извршителот **Љопче Ефинска** од **Струмица** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ЕУРОСТАНДАРД БАНКА АД СКОПЈЕ,во стечај преку полном. адвокат Васко Чамовски од Струмица** од Скопје со ЕМБГ/ ЕМБС/ ЕДБ 4030001419723 и живеалиште/ престојувалиште/ седиште на ул.Никола Кљусев бр.2, засновано на извршната исправа ОДУ Бр.138/15 од 26.03.2015 на Нотар Стевица Јанева од Струмица, против должникот **ДТУ увоз-извоз ТРИТЕРОЛ Дооел од Струмица-во стечај и ДПТУ ТРИТЕРОЛ ТУРС Дооел од Струмица-во стечај**, за спроведување на извршување во вредност 112.768.334,00 денари, на ден 05.02.2025 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како Деловен објект на:

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,катастарска култура гз,гиз,со површина од 1.405 м2,со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,катастарска култура гз,зпз 1,со површина од 490 м2,со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,катастарска култура гз,зпз 2,со површина од 148 м2,со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 1,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат ПР,број 1,намена на зграда ДП,со внатрешна површина од 455 м2, со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 2,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат МА,број 2,намена на зграда ДП,со внатрешна површина од 83 м2, со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 2,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат МА,број 2,намена на зграда ПП,со внатрешна површина од 23 м2, со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 2,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат ПО,број 1,намена на зграда П,со внатрешна површина од 45 м2, со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 2,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат ПР,број 1,намена на зграда ДП,со внатрешна површина од 116 м2, со право на сопственост,

-КП бр.1188, дел 1,место викано Ц.Море,број на зграда 2,намена на зграда Б1-1,влез 1,кат ПР,број 1,намена на зграда ПП,со внатрешна површина од 13 м2, со право на сопственост,

ЗАБЕЛЕШКА:Изработен е геодетски елаборат за идентификација на лице место со премерување од ТДГР ,,Гео Премер,, доо Струмица,со број 03-119/4 од 05.04.2022 год и увид на лице место на 30.12.2024 година.Во геодетскиот елаборат е утврдена состојбата на лице место и тоа:во зграда 1 со катност Пр+Ма со површина наделовен простор во приземје од 455м2, како и бесправно изграден делвен простор во мансарда од 82м2

(утврдени со геодетски елаборат за идентификација),во зграда 2 со катност По+Пр+Ма со помошни простории во подрум од 45м2,деловен простор во приземје од 116м2 и помошни површини балкони во приземје од 13м2,деловен простор во мансарда од 83м2,помошни површини во балкони во мансарда од 23м2,запишан како деловен простор,на лице место е наменет како стамбена куќа,во зграда 3 кој нема утврдено правен статус и е помошен објект во приземје со површина од 25 м2.(Кои се во функционална целина со запишаните површини од објектите.)
запишани во имотен лист бр.1628 во КО Добрејци-Вон Град при Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Струмица која се наоѓа во сопственост на заложниот должникот **ДТУ увоз-извоз ТРИТЕРОЛ Дооел од Струмица-во стечај, со ЕДБ 4027992111887 и ЕМБС 4513754.**

Продажбата ќе се одржи на ден **25.02.2025 година во 10,00 часот** во просториите на **Извршител Љопче Ефинска Струмица ул.Васил Сурчев бр.5**.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.397/2021 од 21.01.2025 година, изнесува **18.379.716,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.Данокот на промет паѓа на товар на купувачот.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. **200001516260924 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5027007114099,најдоцна еден ден пред денот на јавното наддавање.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Љопче Ефинска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ИЗВРШИТЕЛ ЉОПЧЕ ЕФИНСКА СТРУМИЦА

Д.-на: Доверител,Должник

Стечаен управител Јован Митков,

Извршители со прибелешка во катастар,

Даночно одделение Струмица,УЈП

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.